АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Јуни 2023** **Бр.6**

## Одржан вториот јавен состанок на Агенцијата за 2023 година



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 23 јуни го одржа вториот јавен состанок за 2023 година, на кој директорот д-р Зоран Трајчевски направи пресек на реализираните активности согласно Годишната програма за работа во изминатите три месеци. Присутните имаа можност да слушнат за активностите поврзани со спроведените надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на АВМУ по барање и издавачите на печатени медиуми, изречените мерки јавна опомена, изработените истражувања, како и активностите на полето на меѓународната соработка.

На состанокот беа презентирани и наодите од Анализата на пазарот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година, во која е опфатено економското работење на јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните радија и телевизии, како и податоците од мерењата на телевизиската и радиска публика. Анализата покажа дека вкупните приходи во индустријата во 2022 година изнесувале 2,514.63 милиони денари, а вкупните трошоци изнесувале 2,578.53 милиони денари. Во споредба со 2021 година, зголемување на приходите имало кај Јавниот сервис и комерцијалните радиостаници, а комерцијалните телевизии оствариле помалку средства. Целата анализа е достапна на линкот. Во врска со реализацијата на активностите утврдени во Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година, беше констатирано дека се исполнети речиси сите активности предвидени во неа. Агенцијата изработи голем број на студии, анализи и други релевантни документи, а одржа и голем број работилници, дебати и обуки во врска со разни аспекти од работењето на медиумите.

Во рамки на состанокот имаше и јавна консултација за Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, а во врска со Одлуката на Уставниот суд со која делумно се укинува ставот 6 од член 9 од овој Правилник, во која се вклучија голем дел од присутните.

## Соопштение за јавност

Агенцијата на 29 јуни ги осуди вербалните закани упатени кон сите новинари и медиумски работници, вклучувајќи го и новинарот Огнен Јанески искажани во две контактни емисии на ТВ 24. Во соопштението беше посочено дека сите форми на напади врз новинарите се апсолутно неприфатливи и претставуваат директен напад врз демократијата и слободата на говорот во едно општество. Медиумите се чувари на јавниот интерес и креатори на јавната свест поради што безбедноста на медиумските работници во ниту еден момент не смее да биде загрозена.

Агенцијата како многупати досега, апелираше да се почитува достоинството на медиумските работници и да се овозможат услови за професионална работа на медиумите.

## Извештај за сопственоста на медиумите во 2023 година

На 29 јуни Агенцијата го објави извештајот за сопственоста на медиумите во 2023 година, кој е изработен со цел да се постигне повисок степен на транспарентност на медиумската сопственост. Извештајот ги содржи податоците за сопствениците на телевизиите, радиостаниците и издавачите на печатени медиуми според тековните состојби издадени од Централниот регистар на РС Македонија во март 2023 година, како и објавите во дневен весник на податоците за сопственичката структура на издавачите на печатени медиуми.

Покрај тоа, во извештајот се содржани и информации во врска со промените на сопственичката структура на радиодифузерите во претходната година, како и податоци за интеграцијата на капиталот кај радиодифузерите.

## Надзори врз радиодифузери, оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и печатени медиуми

### Радиодифузери

За повеќе законски обврски коишто се однесуваат на употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 18 часа програма на радијата и емитување на доброволно пријавениот процент македонска музика, почитувањето на правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетната публика, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа и обезбедување квизови или други облици на наградно учество, редовен програмски надзор е извршен врз националните радија Јон, Метрополис, Антена 5 и Канал 77.



# NEWSLETTER

При надзорот беше констатирано дека спротивно на ЗААВМУ радиото Метрополис на програмата емитувана на 6 јуни емитуваше спонзорирани дневно информативни емисии и во неколку реални часови го надмина лимитот за рекламирање од 12 минути на еден реален час.

Врз истите радија, извршен е и редовен административен надзор за обврските коишто се однесуваат на објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни до корисниците и обврските за објава на идентификација на радиодифузерот. При надзорот беше констатирано дека радиото Канал 77 на програмата емитувана на 2 јуни, во емисијата „Празнично со Ангела“ не ги објави податоците што е должно да ги емитува на соодветното место за секоја содржина од програмскиот сервис и не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, додека радиото Метрополис на програмата емитувана на 6 јуни, ниту на најавната ниту на одјавната шпица не ги објави податоците за импресум во целините од радио вестите насловени: „Бизнис вести на Метрополис“, „Една минута позитивни вести“, „Спортски вести“ и „Вести од Радио Слободна Европа“.

Контролен програмски надзор за да утврди дали радиодифузерот постапил по Решението за преземање мерка јавна опомена, заради неемитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела е извршен врз ТВ Клан Мацедониа, кој покажа дека радиодифузерот постапил во целост по изречената мерка.

Извршен е и еден вонреден административен надзор врз работата на сите 107 радиодифузери, за да се констатира дали некој од радиодифузерите извршил промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата. Со надзорот е констатирано дека сите 107 радиодифузери постапиле согласно законската обврска.

## Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

За обврската на операторите на ЈЕКМ во програмскиот пакет којштo го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат, извршен е редовен програмски надзор врз операторите А1 Македонија, Македонски Телеком, Спајдер и Тотал ТВ. При надзорот беше констатирано дека операторот Тотал ТВ не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 3“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“.

## Печатени медиуми

Агенцијата спроведе редовен административен надзор врз 19 издавачи на печатени медиуми, со цел да констатира дали истите објавиле податоци за назив и адреса на седиштето и уредништвото на печатениот медиум, податоци за одговорното лице, уредниците, печатницата, датум на печатење или препечатување и број на печатени примероци, согласно обврската од Законот за медиуми. Надзорот покажа дека сите печатени медиуми ја исполниле оваа законска обврска.

## Изречени мерки јавна опомена

Советот на Агенцијата на 19-та седница одржана на 15 јуни, врз основа на констатации од извршени надзори донесе три мерки за изрекување јавна опомена за ТВ Алсат-М, ТВ Телма и радиото ПРО-ФМ. Мерка јавна опомена на ТВ Алсат-М и беше изречена за емитување прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации, на ТВ Телма поради посебно промотивно препорачување на угостителските услуги и производи и необележување на програма која содржи пласирани производи, додека на радиото ПРО-ФМ заради недоставување писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио емитување.

Советот на Агенцијата на 20-та седница одржана на 26 јуни изрече мерки јавна опомена на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Тотал ТВ поради прекршување на член 141 и член 143 став 3 од ЗААВМУ, односно емитување на програмски сервис кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и не обезбедување на програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис „МРТ 2“, „МРТ 3“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-028/2018